ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 09-192/1**

**Дата: 17.01.2011**

ДО
ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
„РАМПО ЛЕВКАТА“ - ПРИЛЕП

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Извршивме ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Општинско основно училиште „Рампо Левката“ – Прилеп (во понатамошниот текст ООУ „Рампо Левката“) на сметката на расходи на буџет на дотации за 2009 година.

За годините кои и’ претходат на годината која е предмет на оваа ревизија, не е вршена ревизија.

Врз основа на резултатите од ревизијата, изразуваме мислење со резерва за реалноста и објективноста на финансиските извештаи за годината што е предмет на ревизија како и за прашањата во врска со усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации со релевантната законска регулатива.

Со ревизијата е констатирано дека ООУ „Рампо Левката“ нема обезбедено сметководствена евиденција на залихите на материјали, огревно дрво и масло за греење, ниту извршило попис на истите со состојба на 31 декември 2009 година.

Ревизијата укажа на потребата од воведување на целосна и навремена сметководствена евиденција на набавените и потрошени стоки во текот на годината, и утврдување на нивната фактичка состојба со попис на крајот на годината согласно Законот и Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници.

# 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страна 7 до 9 заедно со ревизија на усогласеност на Општинското основно училиште „Рампо Левката„ - Прилеп - сметка на расходи на буџет на дотации за 2009 година, кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум, преглед на промени на извори на капиталните средства за 2009 година и преглед на значајни сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на ООУ„Рампо Левката„ - Прилеп за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:

- Соња Блажеска - директор од 21.05.2008 година

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки коишто се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на ООУ„Рампо Левката“ се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизија на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки, и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

Цел на ревизија на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања докази коишто ги поткрепуваат износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјални погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали се резултат на измами или грешки.

При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовката и објективното презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на

интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.4. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 26.10.2010 година до 22.11.2010 година од тим на Државниот завод за ревизија.

## 2. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија на ден 10.11.2010 година. Нацрт извештајот беше доставен до раководството на субјектот на ден 06.12.2010 година.

Не се примени забелешки по Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор број 09-165/3 од 06.12.2010 година.

## Финансиски извештаи

### 3.1. Биланс на состојба

**3.1.1.** ООУ„Рампо Левката„ во 2009 година има набавено екстра лесно масло, огревно дрво, и други материјали во вкупен износ од 476 илјади денари кои не се евидентирани во сметководствената евиденција, ниту е пренесена состојба на залихи од претходната година, согласно член 19 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници. Поради ваквата состојба ревизијата немаше увид за движењето на наведените стоки (влез, излез) и состојбата на залиха на ден 31.12.2009 година. Пописната комисија не извршила попис со што не ја утврдила фактичката состојба на залихите на крајот на годината и не го потврдила нивното постоење согласно член 29 од Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници. Наведеното укажува на необезбедена материјална одговорност од лицата кои ги примаат стоките и нивно нереално прикажување во деловните книги на училиштето и во Билансот на состојбата.

**Препорака**

Одговорните лица во училиштето да обезбедат тековно евидентирање во сметководствената евиденција на залихите, а на крајот на годината да се врши попис заради утврдување на фактичка состојба и усогласување со сметководството.

## 3.2. Користење на средства согласно Законот за јавни набавки

**3.2.1.** Во врска со усогласеноста на користењето на средствата на ООУ „Рампо Левката“ - за 2009 година со Законот за јавни набавки утврдивме дека е спроведена една постапка со отворен повик во износ од 890 илјади денари и пет постапки со барање за прибирање на понуди во износ од 1.334 илјади денари.

Не се спроведени постапки за набавки во вкупен износ од 223 илјади денари (или 10% од вкупните набавки) за кои постои законска обврска да се реализира постапка. Неспроведените постапки се однесуваат на: набавка на канцелариски мебел во износ од 135 илјада денари и извршени градежни работи во износ од 89 илјади денари, за кои е потребна постапка со барање за прибирање понуди без објавување на оглас, согласно член 100 од Законот за јавни набавки. Ваквото постапување ја ограничува конкуренцијата меѓу економските оператори, не се обезбедува еднаков третман меѓу економските оператори и ги намалува транспарентноста и рационалното и ефикасно искористување на буџетските средства.

**Препорака**

При спроведувањето на постапките за јавни набавки, ООУ „Рампо Левката“ - Прилеп да обезбеди остварување на барањата утврдени во Законот за јавни набавки: конкуренција, еднаков третман на економските оператори и транспарентност во процесот на спроведување на постапките.

# 4. Ревизорско мислење

**Вкупни ефекти од наодите**

Врз основа на изнесеното во точката 3.1.1. која се однесуваат на неизвршено сметководствено евидентирање на залихите на набавените стоки и неизвршен попис на истите, ревизијата не утврди материјални ефекти на финансиските извештаи, но не можеше со сигурност да ја потврди состојбата на залихите на ден 31 Декември 2009 година.

**Мислење за финансиските извештаи**

Според наше мислење, освен за ефектите на прашањата изнесени во точките 3.1.1. финансиските извештаи ги претставуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на ООУ „Рампо Левката“ – Прилеп на ден 31 декември 2009 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

**Мислење за усогласеност со законите и прописите**

Според наше мислење, освен за ефектите на прашањата изнесени во точките 3.1.1. и 3.2.1. од активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на ООУ„Рампо Левката“ – Прилеп, во сите материјални аспекти, се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Скопје, 11.01.2011 година

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2009 година**

| | | |
|---|---|---|
| | | **во 000 денари** |
| **Опис на позицијата** | **2009** | **2008** |
| | | |
| **Приходи** | | |
| Трансфери и донации | 22.948 | 20.651 |
| **Вкупно приходи** | **22.948** | **20.651** |
| | | |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 18.414 | 16.672 |
| Стоки и услуги | 4.534 | 3.969 |
| **Вкупно тековни расходи** | **22.948** | **20.641** |
| | | |
| **Вкупно расходи** | **22.948** | **20.651** |

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ**

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2009 | 2008 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| | | |
| **Тековни средства** | | |
| Побарувања | 31 | 31 |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | 0 | 398 |
| Активни временски разграничувања | 1.654 | 1.688 |
| **Вкупно тековни средства** | **1.685** | **2.117** |
| | | |
| **Постојани средства** | | |
| Материјални средства | 189 | 8 |
| **Вкупно постојани средства** | **189** | **8** |
| | | |
| **Вкупна актива** | **1.874** | **2.125** |
| | | |
| **Пасива** | | |
| | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 21 | 315 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 1.633 | 1.373 |
| Пасивни временски разграничувања | 31 | 429 |
| **Вкупно тековни обврски** | **1.685** | **2.117** |
| | | |
| **Извори на средства** | | |
| Извори на капитални средства | 189 | 8 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **189** | **8** |
| | | |
| **Вкупна пасива** | **1.874** | **2.125** |

ПРЕГЛЕД

НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2009 ГОДИНА

во 000 денари

| **О П И С** | **Државен јавен капитал** | **Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност)** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|
| | | | |
| **Состојба 01.01.2009 година** | **8** | - | **8** |
| | | | |
| **Зголемување по основ на:** | **182** | - | **182** |
| Набавки | 182 | | **182** |
| Вишок по попис | | | - |
| Ревалоризација на капитални | - | | - |
| | | | |
| **Намалување по основ на:** | **1** | - | **1** |
| Отпис на капитални средства | | | - |
| Ревалоризација на отпишани капитални средства | - | | - |
| Амортизација | - | | - |
| Корекции амортизација | 1 | | **1** |
| **Состојба 31.12.2009 година** | **189** | - | **189** |